**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6218/**

# З А П И С Н И К

**Од 197. Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 30.09.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

***197.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан-формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата почна во 10.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 195.седница и 196.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и дискусија по Предлог програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записниците од 195.седница и 196.седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 195.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата, записникот од 195.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 195.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 196.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 196.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 196.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и дискусија по Предлог Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година.**

На почетокот од расправата по оваа точка пред членовите на советот Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ, Смилка Јанеска - Саркањац даде вовед и објасни дека е добро што во ваква проширена постапка ќе се разгледеува и усвојува Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година, и во продложение им даде збор на членовите на советот да се изјаснат по истата.

Снежана Клинчарова зема збор и најпрвин објасни кои се законските обврски на советот во носењето на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година, и побара дека е најдобро на наредна седница да бидат вклучени уредниците на Првиот и Вториот програмски сервис на МТВ за да дадат еден пресек на остварената програма во 2022 година, бидејќи гледаме дека на програмите се реализирани и некои нови содржини.

Што се однесува до оваа Програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година нема многу што да се зборува бидејќи пакетот како формат е тој истиот од претходните години.

За пофалба, генерално е спортската програма на МТВ со многу нови и ексклузивни програми од најразлични спортови, додека како недостиг се две главни забелешки, и тоа како прва забелешка, сведоци сме дека на сите приватни телевизии секојдневно има емисии со по два три доктори, односно лекари на нивните утрински или други програми, додека на МТВ нема ниту една таква или слична програма на тема Здравје, Здравство или Научни достигнувања во медицината, која би можело и треба да се реализира во некоја од редакциите на МТВ.

Втората и посериозна забелешка на Клинчарова беше тоа што во програмите на МТВ, недостигаат гостувања на стручни лица и научници од општествените науки, и не само во Образовните програми или во Научната емисија во која има гости само од техничките науки, доаѓаме до ситуација како гледачи да се запрашаме, дали ние имаме филозофи, историчари, археолози, социолози, етнолози итн. И зошто, такви научници и стручни лица од сферата на општествените науки ги нема на програмите на МТВ?

Членот Ристе Панов во продолжение зема збор и на почетокот даде една техничка забелешка бидејќи во објавата на ВЕБ страната на МРТ не е конкретно посочено каде може граѓаните да дадат свои забелешки и предлози по Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година.

Во делот на самата програма во самиот закон предвидува запазување на регионалните и локалните посебности на Македонија, па сакав да поставам прашања по програмата односно за емисиите „Програма на градови“ на МТВ 1 и „Моја општина“ на МТВ 2, дали ги задоволуваат овие две емисии обемот и потрбите за информирање на локалните и регионални настани, и како тоа планираат да го изведат.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац информираше дека во план е уредничките да присуствуваат на наредна седница на советот,па ова прашање на членот Ристе Панов ќе остане за тогаш.
Членот Гајур Рамадани во својата дискусија за предложената програма на МРТ истакна дека со некои мали исклучоци речиси е иста со тие од минатите години, а ова важи особено за Вториот програмски сервис на МТВ.
И минатата година па и сега, јас повторно ќе ја фалам програма на Првиот програмски сервис и заслужено со добри содржини.
За разлика од оваа предложената програма на  програмски сервис не само што воопшто не се разликува од минатогодишната,туку видливо е дека оваа што се нуди е уште посиромашна и како што велат актерите – ако не беше комедија ќе беше трагедија.
За пофалба беше и остана информативната програма,вестите и донекаде утринската програма,што со право ужива висок процент на доверба, но другото е штуро, а се истакнува дека ако има нов кадар, ако има нови содржини, ако се обезбедат финансиски средства и слично.
Во рубриките стои:Народна музика, забавна музика и сл., без наслови и без податоци за каква или какви емисии станува збор.
Како Програмски совет на МРТ во наша надлежност е да бидеме што повеќе активни, да го даваме нашиот допринос и да даваме насоки за по квалитетна програма на Јавниот сервис.
Мислам дека нашата задача не треба да заврши тука со површинско разгледување на програмата, од причина што пример за Вториот програмски сервис недостасуваат податоци а со тоа и наслови на емисии кои би не убеделе да ја изгласаме Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија даде свои забелешки по Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година и истакна дека има наведено 9 проекти за Вториот програмски сервис на МТВ од кои само три се реални и кои се емитуваат, додека другите шест се наведени без наслови само како нови проекти и дека ќе ги има и се планирани, и повтори дека истото се случи и минатата година со истите текстови а проектите не се реализираа, затоа ќе мора да се потрудат околу овој проблем до усвојување на документот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со забелешка околу новогодишната програма и околу музичката програма на МТВ, и побара од уредничките на двата сервиси да објаснат во детали за оваа новогодишната програма се надеваме дека ќе наликува барем малце на регионалните јавни сервиси и ќе биде посериозоно и попрофесионално оваа година, а другата забелешка исто така околу музиката дали се предвидуваат нови музички проекти за нова,современа музика, нешто како проектот Македонисимо со Симон Трпчески?
Додека што се однесува до Македонското радио истот треба да претрпи некаква коренита промена, бидејќи радијата стануваат се повеќе послушан и повлијателен медиум последниве години во светот, и се повеќе треба да се оди кон интервјуа,тематски емисии,подкасти и сл.
Членот Анита Латифи повтори дека сеуште не е доставен Годишниот план за вработување за 2022 и 2023 година, кој беше побаран со заклучок на Програмскиот совет на МРТ на седница пред точно еден месец, и дека истото претставува крајно непочитување на советот.

**ТОЧКА3: Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше договорени три точки за наредната седница на советот:
-Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МТВ1 и МТВ 2,(старт на новата програмска сезона).
-Информацијата за влијанието на високата цена на електричната енергија врз реализација на програмата на МРТ.
-Информацијата околу јавни огласи за вработување во ЈРП МРТ.

Седницата заврши во 11.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател